Јавно комунално претпријатие
Никола Карев
02-564/1
15.08.13

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на РМ бр 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06 член 18 став 1 алинеа 7 од Статутот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип, а по предлог на Комисија за утврдување на цените на пазаришните места на новиот градски пазар во Пробиштип и пазарот во Злетово, формирана од директорот на јавното претпријатие, Управниот одбор на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип на седницата одржана на ден 12.08.2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за утврдување на цените за издавање на пазаришни места на новиот градски пазар во Пробиштип и пазарот во Злетово

**Член: 1**

Со оваа одлука се утврдуваат цените за издавање на пазаришни места на новиот градски пазар во Пробиштип и пазарот во Злетово и тоа:

**I. Цени на пазарни услуги на градски пазар во Пробиштип:**

**1.** Резервацијата на продажно место зелен пазар, од 2м$^2$ изнесува 18.000 денари/ годишно, а 11.000 денари за шест месеци.

**2.** Резервацијата на продажно место текстил, од 3м2 изнесува 18.000 денари/ годишно, а 11.000 денари за шест месеци.

3. Еднодневна резервација на продажно место од 1м2 -------------------------- 200 ден.

4. Еднодневна резервација на продажно место од 2м2 -------------------------- 400 ден.

5. Резервација на продажно место во парцела (во границите) на пазарот (од товарно возило) ------- 500 денари/дневно

6. Пазарна такса за паркирања на возило (комбе) во граници на пазар ------ 50 ден/дневно

7. Пазарна такса за паркирање на возило(камион)во граници на пазар ------ 100 ден/дневно

**II. Цена на пазарни услуги во Злетово:**

8. Користење на продажно место на пазар во Злетово од 1м2 ------------------------ 100 ден.

**III. Закупнина за простор на градски пазар во Пробиштип:**

**9.** Просторот од 260 м2 ----------200 ден /м2 почетна цена месечно

**10.** Просторот од 27 м2 ----------120 ден /м2 почетна цена месечно

**Член: 2**

Цените на точките под реден број 1, 2, 9 и 10 од член 1 на оваа одлука претставуваат почетни цени за јавно наддавање.

**Член: 3**

За донесената одлука да се побара согласност од основачот на јавното претпријатие, Совет на општина Пробиштип

Управен одбор
ЈКП „Никола Карев" - Пробиштип
Претседател: ____________
Александар Јорданов